Ристо Карталов

# КАРЛ МАРКС ЗА ПАРЦЕЛНОТО СЕЛАНСТВО

Навраќањето кон изворите на марксизмот за парцелното селанство има повеќеслојно значење. Теоретското објаснување на класиците на марксизмот, т.е на Карл Маркс за положбата и улогата на парцелното селанство како маргинален облик на производство во капиталистичките услови и специфичниот социјалнополитички процес низ кои минува тоа во тие услови, има релеватнтно значење и денес за нашата општествена стварност.

Земјоделскиот пролетаријат и ситното селанство се наоѓаат според Марксовата анализа во идентична општествено-економска положба како и индустриската работничка класа, каде што класните борби се идентичен пат за разрешување на општествените противречности и во селото. На таа релација се темели и истоветноста на нивните заеднички интереси а со тоа и класното сојузништво во борбата за социјалистичка преобразба на општеството.

Во трудот главно ќе стане збор за неколку аспекти од Мар совото учење, кое укажува на појавата, природата, како и псеспецифичностите на нивната општествено-економска трансформација во условите на капитализмот. Ќе се обидиме да укажеме исто така, на некои особености за местото и улогата на парцелното селанство во процесот на социјалистичката преобразба во југословенското општество.

Основните карактеристики, по кои се разликуваат парцелните селски стопанства од капиталистичките се структурата и специфичноста на земјишните сопственички односи. Ситната сопственост на земјата беше израз на класната структура на општеството пред капитализмот. Тоа значи дека, парцелната сопственост на земјата и ситните семејни стопанства се историски категории и рецидиви во капиталистичките општествени односи. Иако и капиталистичката приватна сопственост на земјата, преставува остаток од феудалните односи и од аспектот на економските последици таа не им одговара на интересите на капиталистичката класа и на капиталот, сепак таа во капиталистич-

ките услови се „капитализира“ и овозможува стекнување на определени постојани и сигурни приходи — рента.

Во историски поглед земјишните односи секогаш биле условени од развиеноста на производните сили и од соодветните промени во продукционите односи во едно општество.

Ситните парцелни стпанства под влијание а производните сили на општеството се трансформираат и постепено гаснат. Овој процес се одвива во насока на развој на земјоделството врз основа на општествената поделба на трудот и развојот на стоковното производство. Едновремено, парцелната сопственост се трансформира во „модерен облик“ на земјишната сопственост.

За тој облик на сопственост К. Маркс вели:

„Оваа форма на слободната парцелна сопственост на селаните, што самостојно стапуваат како владеачка нормална форма, ја сочинува од една страна, економската основа на општеството во најдобрите времиња на класичниот стар век, од друга страна ние неа ја најдуваме при модерните народи како една од формите, која произлегува од распаднувањето на феудалната земјишна сопственост. Така е со јомените во Англија, селскиот сталеж во Шведска, француските и западногерманските селани“.[1])

Разликите помеѓу капиталистичкиот начин на производство и производството на парцелните селани како и специфичностите на парцелната сопственост, Маркс ги укажува со следните зборови:

„Селанецот овде е едновремено слободен сопственик на својата земја, која се појавува како негово главно орудие за производство, како и неизбежно поле за дејствување на неговиот труд и неговиот капитал“.[2])

Во Капиталот, Маркс посебно укажува на специфичниот општествен амбиент во кој опстојува парцелното селанство како начин на производство и посебен вид на земјишна сопственост.

„Оваа форма на земјишна сопственост претпоставува дека, како и во нејзините поранешни постари форми, селското население има голема бројна претежност над градското, значи дека ако владее и капиталистичкиот начин на производство, тој да биде релативно само малку развиен, а поради тоа и концентрацијата на капиталот и во другите гранки на производството се движи во тесни граници и претежнува расцепканост на капиталот. Според природата на работите, еден претежен дел на земјоделското производство мора овде да биде потрошено од самите негови производители, од селаните како непосредни средства за издржување, а само надвишокот над него влегува како стока во трговијата со градовите“.[3])

---

1) Карл Маркс, Капитал, книга III, „Мисла“, Скопје, 732.
2) Карл Маркс, Капитал, книга III, „Мисла“, Скопје, 730.
3) Исто како под 1 и 2, стр. 730 и 731.

Според Маркс, јасно произлегува дека селанецот како парцелен сопственик во најголем дел е сврзан за натуралниот облик на земјоделско производство. Според него, само во таквиот општествен амбиент, парцелната сопственост претставува „нормален облик на земјишната сопственост“ ... во кој поседувањето на земја преставува услов за сопственоста на плодовите на неговиот труд. Тој облик на производство го карактеризираат заостанатост, изолираност, беда и сиромаштија како и сè она што Маркс го нарекува „идиотизам на селскиот живот“. Како илустрација за општествените противречности со кои се судрува селанството, К. Маркс во Осумнаесетиот бример на Луј Бонапарта го зема францускoто селанство.

„Парцелните селани претставуваат огромна маса чиишто членови живеат во иста ситуација, но без меѓусебно да стапуваат во разновидни односи. Нивниот начин на производство ги изолира едни од други, наместо да ги доведува до меѓусебно комуницирање. Изолацијата ја засилуваат лошите францурски комуникациони средства и сиромаштијата на селаните. Нивното производствено поле, парцелата, при својата обработка не допушта поделба на трудот примена на науката, значи никаква разновидност на развитокот, никаква разновидност на талентите и никакво богатство на општествените односи. Секое одделно селанско семејство си е, речиси, достатно само на себе, тоа непосредно го произведува најголемиот дел на својата поторшувачка па така средствата за живот повеќе ги добива преку размена со природата одошто преку односи во општеството. Парцела, селанец и семејство, покрај него друга парцела, друг селанец и друго семејство. Нивниот збир преставува село, збирот на селата департман. Така големата класа на француската нација се образува со едноставно собирање на истоимени големини, како што на пример, компирите во една врећа прават една врећа компири“.[4])

Општествените услови во кои се конституира и се развива парцелната земјишна сопственост оневозможува продлабочување на општествената поделба на трудот, развојот на општествените односи, развојот на науката и продуктивноста на трудот. За тоа Маркс вели:

„Според својата природа парцелната сопственост исклучува: развиток на општествените производни сили на трудот, општествени форми на трудот, општествена концентрација на капиталот, сточарење во големи размери, прогресивна примена на науката“.[5])

---

[4]) К. Маркс, Осумнесеттиот бример на Луј Бонапарта, Култура, Скопје, 1975, 71.

[5]) К. Маркс, Капитал, „Мисла“, Скопје, 733.

Парцелната сопственост, според Маркс, законито репродуцира беда и сиромаштија на производителите, поскапување на производството како и раздробеност и растурање на човечките сили и средства за производство.

„Бескрајна раздробеност на средствата за производство и осамување на самите производители. Огромно растурништво на човечка сила. Прогресивно влошување на условите за производство и поскапување на средствата за производство е нужен закон на парцелната сопственост".[6])

Како економска граница за експлоатација, купување или закупување на земја од страна на парцелните селани, Маркс укажува, дека не станува збор за никакков среден профит, туку често пати физичкиот минимум на наемнината на наемнината којашто селанецот сам си ја плаќа по одбивањето на вистинските трошоци.

„Како граница на експлоатацијата за парцелниот селанец не се појавaува, од една страна, ниту средниот профит на капиталот, доколку е тој ситен капиталист; од друга страна, ниту нужноста на некоја рента, доколку е тој сопственик на земја. Како апсолутна граница за него како ситен капиталист се покажува само наемнината, која тој сам себе си ја плаќа по одбивка на вистинските трошоци. Додека цената на производот ова му го покрива нему, тој ќе ја обработува својата земја, и тоа често при спуштање на наемнината до физичкиот минимум".[7])

Според Маркс, парцелната сопственост на земјата постепено исчезнува а ја заменува крупната капиталистичка. Овој процес се одвива и тече во мерка во која се намалува земјоделското население за сметка на наголемувањето на неземјоделското население во градовите. Тој овој процес го поврзува со продорот на капиталистичкото стоковно производство во земјоделското како и со делувањето на крупната индустрија врз земјоделството.

„Сразмерно на обемот на својот развој, капиталистичкото стоковно производство дејствува како уривач и растворувач на секоја постара форма на производство, која е насочена предимно кон непосредната сопствена потреба и која го претвора во стока само вишокот на производи ... Каде ќе зафати корени, таа ги разорува сите форми на стоковното производство кои се засновуваат било на сопствениот труд на производителите било на продавањето на стока само во форма на вишок на производи. Таа прво го генерализира стоковото производство, а потоа постепено секое стоково приозводство го претвора во капиталистичко".[8])

---

[6]) Истото, 733.
[7]) К. Маркс, Капитал, книга II, Култура, Београд, 1958, 595.
[8]) К. Маркс, Капитал, Книга III, „Мисла", Скопје, 731.

Иако ситната парцелна сопственост преставуваше голема препрека на продорот на крупното капиталистичко производство во земјоделството, сепак, капитализмот ја совладува и последната област на материјалното производство. Историски тој процес се одвиваше во две етапи. Првин низ првобитната капиталистичка акумулација со насилно протерување на ситните сопственици — селани, од земјишниот посед, и во современите услови преку продирањето на капиталот и индустријата во селската економија што означуваа силна диференцијација во селанството а што се заврши под капиталистичкиот начин на производство.

За тој процес Маркс вели: „Дејството на крупната индустрија во земјоделството дотолку е пореволуционерно што таа го урива столбот на старото општество на селаните, ставајќи го на нивно место наемниот работник. Така потребите од општествен пресврт и спротивностите на селото се изедначуваат со оние во градот. Наместо најтрадиционален, најнеревулуционерен, најнецелисходен начин на работа, доаѓа свесна технолошка примена на науката. Раскинувајќи ја првобитната семејна врска меѓу земјоделството и индустријата, која ги обединуваше детински нивните неразвиени облици, се заврши под капиталистичкиот начин на производство“.[9])

Развојот на крупното капиталистичко производство, кое ги има сите одлики на „земјоделска индустрија“ и модерен облик на приватна сопственост на земјата, придонесоа во условите на капитализмот да престанат да постојат сите општествено-економски претпоставки за егзистенција на ситната парцелна сопственост. Тој процес, како што видовме во современите услови на капитализмот, се одвива преку постепеното но трајно намалување на земјоделското и селското население во однос на градското, и преку трансформирањето на натуралното и ситно-стоковното во капиталистичко стоковно производство.

* *
*

Имајки ги предвид Марксовите сознанија за природата и тенденциите во развојот на парцелната земјишна сопственост и парцелното селанство во капитализмот, ќе се обидеме да укажеме на придружните карактеристики и патиштата на трансформирање на парцелната сопственост и парцелното селанство во процесот на социјалистичката трансформација на југословенското село и земјоделство. Поаѓајќи од сознанието дека на ова ниво од општествено-економскиот развој на земјата, тие посе-

[9]) К. Маркс: Капитал, книга I, Култура, Београд, 1958, 363.

дуваат повеќе од четири петини од земјишниот фонд како и низа противречности со кои се среќаваат, се рефлектираат на глобален план, — потребно е да укажеме едновремено на нивната општествено-економска положба, на степенот на нивната трансформација, како и на патиштата на надминувањето на оваа специфична форма на сопственост и вид стопанства.

Познато е дека, социјалистичката револуција во Југославија затекна во основа парцелизирано земјоделство и низок развој на производните сили. Социјалистичкиот развој на земјоделството и селото започна со иницирање на социјалистичките форми на стопанисување, но и со развој на стоковното производство во земјоделството со постепено вклучување на индивидуалните стопанства во општествената поделба на трудот.

Во средината на педесетите години јасно беше дефиниран југословенскиот пат на социјалистичка реконструкција на селото и земјоделството.

Другарот Едвард Кардељ, во во својата книга: „Проблемите на нашата социјалистичка политика на село“, го прави тоа на следниов начин:

„Кога станува збор за социјалистичката преобразба на селото, ние треба на селанецот јасно да му кажеме какви се неговите перспективи и какви се неговите можности, па нека тој самиот се определува според својот интерес, секако под претпоставка дека тој интерес е во склад со заедничкиот општествен интерес. Социјалистичката заедница притоа ќе му помогне користејќи ги сите средства со кои располага за неговото правилно насочување, но тоа не треба да прибегнува со насилно менување на сопственичките односи на село ниту создавање или вештачко одржување на економски односи кои немаат доволна внатрешна сила да се одржат“.[10])

Во склад со Марксовите сознанија за парцелните селани и парцелната сопственост на земјата, социјалистичката трансформација на истите претпоставуваше нивно надминување со развојот на производните сили воопшто а земјоделството посебно, преку развојот на стоковното производство и социјалистичките самоуправни општествени односи.

Во склад со овие општествени определувања, беше дефиниран и ставот на општествената заедница кон земјишно-сопственичките односи.

„Здружувањето на земјата по пат на социјалистичка кооперација може да биде долготраен процес, со најразлични облици и обем на соработка помеѓу социјалистичкиот сектор и селанецот“.[11])

[10]) Едвард Кардељ, Проблеми социјалистичке политике на селу, Култура, Београд, 1959, 9.
[11]) Истото, 164.

Ваквата определба кон земјишно-сопственичките односи се темелеше на фактот дека процесот на поопштествувањето на земјиштето е можно да се оствари во мерка во која се остваруваат пошироките материјални и други општествено-економски претпоставки.

Во врска со тоа се поставува прашањето: Какви промени се случија досега во процесот на општествената трансформација, односно, дали се создадени претпоставките за општествено-економско надминување на егзистенцијата на ситните парцелни стопанства и приватната земјишна сопственост, односно, за побрз развој на поопштествувањето во земјоделството?

Една продлабочена анализа ни открива дека, се остварени сите општествено-економски промени во општеството и земјоделството за постепено надминување на егзистенцијата на ситните индивидуални стопанства.

Првиот предуслов во тој поглед преставуваше процесот на масовната деаграризација на селското население. Забрзаната индустријализација и урбанизација во повоениот општествено-економски развој овозможи заминување на голем дел на селското и земјоделското население во градовите и индустриските центри. Денес, во социјалната структура на населението на земјата, околу три четвртини, сочинува неземјоделското население. Тоа укажува на широките можности за вклучување на земјоделството во општествената поделба на трудот, а дека неговиот натамошен развој зависи од применатана современата техника и технологија што го овозможува веќе достигнатото ниво на развиеноста на индустријата. Создадени се претпоставки, значително намалениот број земјоделско население да стопанисува попродуктивно и да обезбеди храна и други земјоделски производи за сè поголемиот број неаграрно население.

Како последица на апсолутното и релативното намалување на земјоделското население радикално се измени социјалната структура на индивидуалните стопанства. Овие промени се изразуваат во таа насока, што на една страна се намалува бројот на чисто земјоделските стопанства, а на друга се наголемува бројот на мешаните и на извесен број земјишни поседи чии сопственици се неземјоделци. Се цени дека денес во земјата нешто помалку од 40%, од вкупниот број на стопанства им припаѓаат на чисто земјоделски поседници, а преку 60% на мешани и неземјоделски сопственици и стопанства.

Интензивните процеси на деаграризацијата кои беа проследени со масовно учество на младината, придонесоа за интензивирање на процесот на стареење на индивидуалните земјоделци. Наголемувањето на старосната граница и опаѓањето на работната способност на „првите работници“ на индивидуалните стопанства, придонесе, голем број од нив, денес само статистички да постојат како земјишни поседи, бидејќи сè поинтензивно

се одвива процесот на редуцирање на нивните производни функции и запуштање на речиси сите расположливи производствени ресурси.

Само во нашата Република се цени дека постојат околу 20.000 старечки земјоделски стопанства на село кои секоја година оставаат необработено повеќе од 50.000 хектари обработливо земјиште“.[12])

Наведените промени во социјалната структура на населението и домаќинствата укажуваат, дека постојат претпоставки во тој поглед, во иднина, понагласено да се одвива процесот на гаснење на индивидуалните стопанства на старите земјоделци. Тоа од своја страна ќе овозможи развој на квалитативните промени во структурата на земјишниот посед на индивидуалните стопанства, по пат на здружување на земјиштето, откуп и закуп на земјата од индивидуалните стопанства што ќе значи темелно менување на сопственичките односи.

Како значајна претпоставка во надминувањето на парцелните селски стопанства, преставуваше успешниот развој на општествените земјоделски стопанства. Иницијалните површини на општествените стопанства кои се формираа со спроведувањето на Аграрната реформа и на Законот на земјоделскиот земјишен фонд, ги наголемуваа воглавно по пат на откуп и закуп на земја од индивидуалните стопанства а значително помалку по пат на освојување на нови површини.

Здружувањето на земјиштето и средствата на индивидуалните стопанства исто така отвори извесни можности за надминување на малиот и исцепкан земјишен посед и развој на социјалистичките општествени односи. Со тоа се создадоа претпоставки за примена на современата техника и технологија, кои се испречуваат како непремостлива пречка во развојот на ситниот и парцелизиран земјишен посед. Во суштина здружувањето би овозможило централизација на земјиштето и другите средства, кое би послужило како основа за поопштествување на земјиштето, кога за тоа би се создале соодветни општествено -економски услови.

Постојат исто така и останатите претпоставки за исчезнување на парцелната земјишна сопственост на индивидуалните стопанства.

Стоковното производство на индивидуалните стопанства постојано е во пораст, што секако беше пред сè лимитирано од општото ниво на технологијата во производството и продуктивноста на трудот и ориентацијата кон специјализација на истите. Се смета дека во периодот 1960-1980 година дојде до наголемување на стоковното производство за два пати. Од 20% во 1960 го-

---

[12]) Резултати од научно-истражувачкиот проект: Општествената положба на селските старечки домаќинства во СРМ“ во реализација на Републичкиот завод за социјални прашања, Скопје.

дина, производството за пазар на индивидуалните стопанства се наголеми на преку 60% во 1982 година. Секако, кон оваа ориентација придонесоа развојот и унапредувањето на одделни видови кооперативни односи на селаните со Организациите на здружен труд.

Па сепак, на ова ниво на развиеност, индивидуалните стопанства во целина имаат релативно високо ниво на натурално производство, што претставува една од причините за нивната неинтегрираност во системот на општествената поделба на трудот и нивното заостанување. На високиот степен на натуралност, особено влијание категоријата мешани стопанства, кои на еден повисок степен се автархични, па најголемиот дел на своето производство го насочува за задоволување на сопствените потреби. Тие, во времето на недостиг на некои производи, се затвораат во себе, како би го одбегнале кризното делување на пазарното стопанство и по цена на запуштање на основните производствени ресурси.

Со развојот на стоковното производство на индивидуалните стопанства, тие сè повеќе се поврзуваат во системот на општествената поделба на трудот со останатите сектори и гранки на единствениот здружен труд а пред сè индустријата. Со подигањето на техничко-технолошката развиеност на земјоделството воопшто, а посебно на индивидуалните стопанства, сè повеќе се наголемува учеството на трудот и средствата од индустријата и другите дејности во земјоделското производство. На тој начин, развојот на земјоделството во сè поголема мерка е детерминиран од развиеноста на индустриското и други видови производство, кои на земјоделството му обезбедуваат: средства на трудот, суровини, енергија, транспортни и други услуги итн. Се цени дека денес, учеството на овие средства за производство и услуги од индустријата и другите дејности, се движи на околу 45% од вредноста на земјоделското производство.

* *

*

Укажувајќи на создадените претпоставки за надминување на парцелната земјишна сопственост и индивидуалните селски стопанства во социјалистичкиот општествено-економски развој на нашата земја, треба да укажеме и на некои слабости според наше мислење, кои го следеа тој процес. Сеедно дали станува збор за извеси теоретски отстапки од Марксовите изворни принципи за парцелното селанство, или тоа биле практични чекори како одраз на извесни ефемерни компромиси на дневната политичка акција, предизвикани од привремениот или трајниот недостиг на земјоделски производи.

Една своевидна отстапка во тој поглед се огледа во енормниот процес на уситнување на земјишниот посед како последица на социјалната диференцијација на селанството. Малиот и расцепкан земјишен посед, како резултат на слободниот промет со земја и процесот на наследување на истата и натаму се распарчува до граници на економско пустошење испречувајќи се така како пречка на научно-техничкиот прогрес и подопштествувањето.

Податоците укажуваат дека основниот земјишен фонд од индивидуалните стопанства постепено се сели од средните и крупните (во наши услови 2—5 ха и 5—10 ха) кон ситните стопанства и неземјоделските поседници на земја. И покрај изразитите процеси на миграција и деаграризација на селското население, земјишните површини не претрпеа некои позначајни промени, во смисла на промени во сопственоста односно подопштествувањето на земјишните површини. Напротив, и денес како и по спроведувањето на Аграрната реформа и на Законот за земјоделскиот земјишен фонд од педесеттите години, индивидуалниот сектор поседува повеќе од четири петини од вкупните земјоделски површини.

Апсурдот да биде уште поголем, овие негативни тенденции во поседовната структура на индивидуалните стопанства се одвиваат во една интензивна фаза на тракторизација на индивидуалните стопанства. На нив денеска во земјата има околу 320.000 трактори а просечната големина на поседот не поминува 2,5 хектари. Нарочно го употребуваме терминот тракторизација, затоа што процесот на индустријализацијата на земјоделството има едно поширoко општествено значење. Тој процес денес, кога станува збор за индивидуалните стопанства, се сведува само на механизација а само тој не значи пораст на продуктивноста на трудот и не нуди некоја долгорочна општествена перспектива. Тој процес е повеќе или помалку одраз на општата стихијност што владее во однос на земјишнината политика и земјоделството воопшто.

На индивидуалните стопанства во земјоделството кај нас веќе денес се одвива класичен судир во Марксова смисла на зборот, помеѓу нараснатите производни сили (се посовремената техника и технологија) и наджевеаните општествени односи во лицето на парцелните селски стопанства.

Процесот на подопштествувањето во земјоделството во изминатиот период не можеше да се одвива поинтензивно, меѓу другото и поради влошените услови за стопанисување (ножичките на цените, потценувачкиот однос на кредитната политика), што придонесуваше за ниската акумулативна способност на земјоделските организации на здружен труд, што ги правеше неспособни да се впуштат во еден зафат каков што е откупот

на земја од приватни поседници. Во исто време скромната понуда на земјоделско земјиште придонесе и општествената заедница да одделува сè помалку средства за таа намена.

Здружувањето на трудот и средствата на индивидуалните производители во задруги и ООЗТ, како и другите облици на поопштествување, се оддвиваа стихијно и бавно, пред сè како единствен интерес на самите селани. Тој процес не даде некои позабележливи резултати на планот на централизацијата и поопштествувањето на земјишните површини, иако на едно општо и декларативно ниво ја имаше општествената поддршка.

Во тој контекст треба да се споменат и дисонантните теоретски ставови за т.н. „мини фарми“ и за земјишниот максимум.

Веќе подолго време теоретски во нашата литература и практично се поддржува концептот за фармерскиот развој на земјоделството преку т.н. „мини фарми“. При ова треба да укажеме дека не се согледува логиката на нивниот развој, како и тоа дека фармерското стопанство, како носител на развојот, дури и во оние општествено-политички системи кои почиваат на приватната сопственост е надминат и стварноста го демантира.[13])

Второто прашање се однесува за земјишниот максимум. Како што е познато тој во наши услови е определен во педесеттите години и на некој начин претставува ограничувачка логика на приватната сопственост. Во поново време во теоријата и во дневно-политичката акција се појавија некои тези за преиспитување на земјишниот максимум т.е. за потребата од неговото воспоставување на едно повисоко ниво. (20 до 30 хектари).

Risto KARTALOV

## KARL MARX AND THE SMALL-PROPERTIED PEASANTRY

The author attempts to point out some elements which define the characteristics and the basic suppositions for the existence of a small-propertied peasantry and the percelization of landproperty in capitalism as Marx described in Capital, and in The Eighteenth Brumaire of Louis Bonaparte.

A survey of Marx's works is made where he stated that this form of property and production, were characteristics of the society of the best times of the Classical Period, as well as during the Modern Period. The existence of the parcelization of private

[13]) Тоа се теориски ставови блиски на економскиот романтизам, чијшто преставник беше во минатиот век С. Сисмонди,. За чие учење, В. И. Ленин напиша еден полемички труд: Кон критиката на економскиот романтизам“ во кое ги разобличува заблудите за ситното стиховно производство.

property, and of small-propertied peasantry, assumes a prevalance of a rural over an urban population, and the dominance of a primitive form of production.

An attention is paid to Marx's view that the parcelization of property, and of production, exlude the social form of labour, the major concentrations of capital, the progressive application of science, the social relations, the individual development of talents, and it de facto means the wasting of human forces, the deteriation of the conditions of production, and is a condition for the increasing price of agricultural products.

Marx's analysis of the peasant economy demonstrates the lack of prosperity of the small-propertied peasantry, and its transsformation into a capitalistic form of production.

The author also attempts to show the social position of the small-propertied peasantry and the condition for its transformation in socialist development of Yugoslavia, as had been stated by Marx. An emphasis is made to the following processes relevant to the process of the social differentiation of peasantry:

1. the processes of migration and the de-agrarranization which caused a radical change in the structure of the population
2. the development os production in individual economies and in the socialist mode of production.
3. the development of the social sector of agriculture
4. the development of industry, transportation, the tertiary sector, and other cosial activities.

Though the author emphasized that the realized suppositions relevant for the transformation of the individual peasant economies and the parcelization of the land property, he also emphasized certain weaknesses in that area, which might be considered theoretical divergences from Marx's view on the relevant problem.